## РАТИФИКАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ДРУГИ ДРЖАВИ КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И КАЗНУВАЊЕ ЗЛОЧИНОТ ГЕНОЦИД

Постојаната делегација на Федеративна Народна Република Југославија при Обединетите нации го извести ова министерство дека на 29 август 1950 година е извршено во Лејк-Саксес депонирањето на ратификациониот инструмент на Федеративна Народна Република Југославија на Конвенцијата за спречување и казнување на злочинот геноцид, склучена и потписана во Париз на 9 декември 1948 година.

Досега освен Југославија следните држави ги депонирале своите инструменти за ратификација или пристап кон оваа конвенција: Австралија на 8 јули 1949 година, Абисинија на 1 јули 1949 година, Израел на 17 август 1949 година, Норвешка на 22 јули 1949 година, Исланд на 29 август 1949 година, Панама на 11 јануари 1950 година, Еквадор на 21 декември 1949 година, Монако на 30 март 1950 година, Јордан на 3 април 1950 година, Израел на 9 март 1950 година, Либерија на 9 јуни 1950 година, Бугарска на 21 јули 1950 година, Филипини на 6 јули 1950 година, Гватемала на 13 јануари 1950 година и Турска на 31 јули 1950 година.

Конвецијата е објавена во „Службениот весник на Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ", бр. 2 од 15 јули 1950 година.

Бр. 418130. — Од Министерството на надворешните работи, Белград, 13 септември 1950 година.